# Повик за ангажирање на обучувачи

За испорака на обуки на школа за јакнење на иденитет, култура и демократија за ученици Роми

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ објавува **повик за ангажирање на две лица (2) обучувачи** за испорака на обуки и работилници во школата за јакнење на иденитет, култура и демократија за ученици Роми во рамки на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на ученици Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“** финансиран од Европска Унија и Ромскиот Образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## 1. Теми, распоред и опис на работилниците

Теми на зимската школа за градење капацитети за настап на пазарот на труд:

- Градење на тим
- Демократија
- Идентитет
- Политичка култура
- Владеење на правото

Содржината и методологијата на работа на обуките треба да се прилагоди на потребите на целната група.
Школата за за јакнење на иденитет, култура и демократија за ученици Ром ќе се реализира во период од 11.08 – 15.08.2020 година.
Работен јазик на школата за градење на капацитети за настап на пазарот на труд ќе биде Македонскиот јазик.

## 2. Работни задачи на обучувачите

Селектираните обучувачи ќе треба:

- Да изготват финален дизајн на обука со методологија за работа согласно потребите на студентите, најмалку 5 дена пред школата ;
- Да подготват материјали за работа , најмалку 5 дена пред зимската школа;
- Да подготват агенда за обуката;
- Да дистрибуираат електронски примерок од сите употребени наставни материјали за работилницата, до проектниот тим и учесниците, најдоцна 10 дена по школата;
- Да спроведат евалуација на обуката во склоп на школата;
- Да изготват наративен извештај за обуката во склоп на реализираната школа.

Селектираните обучувачи од страна на проектниот тим ќе добијат соодветни формати согласно процедурите на проектот за подготовка на агенда, евалуационен прашалник и за подготовка на наративен извештај.

Селектираните обучувачи пред испорака на работилницата ќе склучат договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" - Скопје во кој ќе се регулираат договорените обврски.

**<u>3. Услови за пријавување</u>**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнат следните критериуми/ услови:

- Да имаат завршено високо образование;
- Да имаат работно искуство во испорака на работилници/обуки;
- Да имаат работно искуство во испорака на работилници/обуки на темите кои се наведени во овој повик;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

**<u>4. Документи за пријавување</u>**

Заинтересираните кандидати треба да ги доставaт следните документи:

- Документ кој ќе го потврди степенот на завршено високо образование;
- Кратка биографија која ќе ги содржи најважните претходно испорачани работилници, обуки и семинари;
- Листа на испорачани работилници/обуки за темата/ите за кои се пријавувате;
- Предлог дизајн за секоја од работилниците за кои се пријавува како обучувач (**темплејт од дизајн на обука**).

**<u>5. Начин и рок за пријавување</u>**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: **ane.matevska@romaversitas.org.mk**, со назнака за ***пријавување за повик за обучувачи за школа за јакнење на иденитет, култура и демократија за ученици Роми.***

Пријавувањето за обучувачи на горенаведените теми е <u>најдоцна до **29 јули 2020 година**.</u>

**<u>6. Критериуми при процесот на селекција на пријавените лица се:</u>**

- Искуство во испорака на обуки/работилници;
- Искуство во испорака на обуки/работилници на темите кои се наведени во овој повик;
- Квалитет на предлог дизајн на работилница;
- Квалитетот на доставени документи.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете електронски на е-маил адресата: **ane.matevska@romaversitas.org.mk** .